Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година ,глава II Проектни активности , точка 6 Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 24/2019), како и врз основа на Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2020 година бр. 09-493/10 од 29 јануари 2020 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2020) од 30 јануари 2020, Општина Карпош објавува

# О Г Л А С

## за финансиска поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2020 година

### I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста детска, социјална и здравствена заштита во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на детската, социјалната и здравствена заштита во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот

**Правни лица**

1. Изработен проект,
2. Финансиски план на проектот,
3. Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци
4. Краток опис на активностите од предходната година

**III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка:**

1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните-жители на Општина Карпош
2. Преку проектот да се постигне подобрување на воспитно – згрижувачката дејност во предучилишните установи во Општина Карпош
3. Преку проектот да се даде поддршка и вклучување на деца со попреченост во основните училишта
4. Преку проектот да се подобри квалитетот на живеење и намалување на осаменоста кај старите лица
5. Преку проектот да се овозможи социјално вклучување на маргинализираните групи на граѓани од Општина Карпош

**IV. Висина на Финансиската поддршка и рангирање**

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

**V. Начин на пријавување**

Документите можат да се достават по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За финансиска поддршка на проекти од обласа на детската, социјалната и здравствената заштита за физички и правни лица за 2020 година “.

**VI. Рок за поднесување на документите**

Предлог - Проектите може да се доставуваат во текот на 2020 година , односно до исцрпување на предвидените финансиски средства наменети за оваа намена.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

**Општина Карпош**